08-2830/1
22-10-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по електронска пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23- та седница одржана на ден 13.10.2025 година донесе

**Одлука**

Постапката за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на ------------------, директор на -----------------------, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот број 08-3099/1 од 12.06.2019 година.

Предметот со број 08-3099/1 од 12.06.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот број 08-3099/1 од 12.06.2019 година е оформен по сопствена иницијатива, а врз основа на Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година за лицето -----------------------------------------.

ДКСК, од Министерството за внатрешни работи побара податоци за членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци за имотот на ----------------- и членовите на неговото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Од извршената анализа на прибавената документација, ДКСК констатира дека лицето --------------------- нема поднесено анкетни листови при престанок на

функцијата директор на -------------------- со дата на престанок 26.02.2016 година, при избор на директор на ----------------------- со дата на избор 26.02.2016 година и при престанок на функцијата директор на -------------------- со дата на престанок 30.07.2019 година.

Исто така од проверката може да се утврди дека ----------------- до ДКСК нема пријавено стан со површина од 73 м2 + 4м2 запишани на ---------------------- во сопственост на ----------------------- запишан во имотен лист на 22.02.2018 година. ------------------------ нема пријавено и земјоделско земјиште со површина од 5000 м2 запишано на ----------------------- на име ---------------------- купено со купопродажен договор на 17.08.2010 година.

За погоренаведените прекршоци односно непријавување имот до ДКСК изминати се две години од нивното сторување со што прекршоците се застарени и не може да се издадат прекршочни платни налози.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Заменик претседател

м-р Цвета Ристовска

**Изготвил:** м-р Б.С., советник
Контролирал: м-р Н.Т.М, р.о.
**Согласен:** К.З, р.с.
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930